Шенкевич

Книгата е објавена со поддршка на преведувачката програма ©POLAND

BOOK INSTITUTE
©POLAND

Библиотека – „Атлас“

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Кристина Дукоска

Наслов на оригиналот:
Henryk Sienkiewicz, *Potop*

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Хенрик Шенкевич

Потоп

Превод од полски јазик
Филип Димевски

Бегемот

Скопје, 2026



Вовед

Во Жемајтија живееше моќниот род Билевич, родум од Мендог[1], со мошне разгранети роднински врски и најпочитуван од сите во целиот Росенски[2] крај. Билевичови никогаш не дојдоа до велики служби, најмногу до окружни, но на полето на Марс баснословни услуги на земјата ѝ беа сториле, за кои во разни времиња штедро беа наградувани. Нивното семејно гнездо, кое постои до денешен ден, исто така се викаше Билевич, но освен нив, поседуваа голем број други имоти и во околината на Росен, и подалеку, кон Крекенава, покрај реките Лауда, Шоја, Невежис, та дури отаде Паневежис. Потоа се распаднаа на неколку домови, чии членови се изгубија од видот. Се собираа само кога во Росен, на рамницата нарекувана Сталежи, се правеше смотра на жемајтиските оружени сили. Некојпат се сретнуваа и под бајраците на литванската редовна војска и на соборите, а бидејќи беа моќни, влијателни, за нив мораше да водат сметка дури и најмоќните во Литва и Жемајтија Раѓивилови.

За време на владеењето на Јан Кажимеж[3], патријарх на сите Билевичови беше Хераклиуш Билевич, полковник на лесна коњица, упитски поткоморник. Тој не живееше во семејното гнездо, кое во тоа време го поседуваше Томаш, росенски мечоносец; а, пак, на Хераклиуш му припаѓаа Вадактај, Лубич и Митрунај, кои се наоѓаа во близината на Лауда, небаре опколени од морето земји на ситното благородништво.

Освен Билевичови, во околината имаше само неколку поголеми родови, како Солохубови, Монтвилови, Шилингови, Коризнови, Сиќињски (иако не недостигаа и ситни благородници со овие презимиња); всушност, целото поречје на Лауда беше густо

[1] Мендог (лит. Миндаугас. околу 1203–1263 г.) – обединител, последен велик кнез, а потоа прв крал на Литванија (1251–1263). (Сите забелешки се на преведувачот, освен ако е наведено поинаку).

[2] (На лит. Расејњај). Некои топоними се адаптирани на македонскиот јазик и се словенизирани, со цел читањето да биде попрегледно.

[3] Јан II Кажимеж Ваза (1609–1672) – крал на Полска и велик литвански кнез во годините 1648–1668, титуларен крал на Шведска до 1660 од династијата Ваза, кардинал во годините 1646–1648.

посеано со т.н. „околии“, или едноставно кажано: поседи населени од славното и прочуено во историјата на Жемајтија лаудско благородништво.

Во другите околии на земјата, родовите го земаа името од имотите или имотите од родовите, како што бидуваше во Подласје; а, пак, таму, вдолж лаудското поречје, беше поинаку. Таму, во Маразај, живееја Стакјанови, кои своевремено ги насели Батори[4] за јунаштвото што го покажаа кај Псков. Во Валманчиај, на плодна земја, се роеја Бутримови, најкрупните мажи од цела Лаудa, прочуени по молчаливоста и по тешката рака, кои за време на соборите, нападите или војните беа навикнале да одат сложно и молкум. Земјите во Дрожејкани и во Мозги ги обработуваа бројните Домашевичови, славни ловџии; тие во прашумата Желонка по трагите гонеа мечки дури до Волкомир. Гаштовтови живееја во Пацунели; нивните моми беа толку прочуени по убавината што на крајот сите убави девојчиња во околината на Крекенава, Паневежис и Упите ги нарекуваа пацунелјанки. Солохубови Мали беа богати со коњи и со одлична стока, одгледувана на шумски пасишта; а, пак, Гошќевичови во Гошчуни вриеја катран во шумите, занает поради кој ги нарекуваа Црни или Димни Гошќевичови.

Имаше и повеќе села, имаше и повеќе родови. Многу од нивните имиња постојат и денес, но повеќето и селата не се таму каде што биле, и луѓето во нив се нарекуваат со други имиња. Дојдоа војни, несреќи, пожари, не се градело секогаш на некогашните пожаришта, накусо: многу се промени. Но своевремено старата Лаудa цутеше како во прво време и лаудското благородништво дојде до најголема слава кога не многу дамна, борејќи се кај Лојев против побунетите Козаци, се беше мошне прославило под водство на Јануш Раѓивил[5].

А, пак, сите Лаудјани служеа под бајракот на стариот Хераклиуш Билевич; така, побогатите, како другари, со два коња, посиромашните со еден, а најсиромашните како свита. Општо, тоа беше воинствено благородништво и особено му се свидеше воениот занает. Меѓутоа, помалку се разбираа во обичните прашања на соборите. Знаеја дека кралот е во Варшава, Раѓивил и господинот Хлебович, старешината, во Жемајтија, а господинот Билевич во Вадактај на Лауда. Тоа им беше доволно, а гласаа како што ќе ги поучеше господинот Билевич, убедени оти тој го сака истото

[4] Стефан Батори (1533–1586) – владетел, крал на Полска, велик литвански кнез.
[5] Јануш Раѓивил (1612–1655) – кнез, велик литвански кнез, војвода на Вилнус, маршал... од периодот на Полско-литванската Унија.

што и господинот Хлебович, а, пак, тој оди во строј со Раѓивил; Раѓивил е кралска рака во Литванија и Жемајтија, а, пак, кралот е сопружник на Републиката[6] и татко на благородничкиот сталеж.

Господинот Билевич, всушност, повеќе беше пријател одошто штитеник на моќните олигарси во Биржај – и тоа мошне ценет, бидејќи при секој повик имаше илјада гласови и илјада сабји лаудски, а сабјите во рацете на Стакјанови, Бутримови, Домашевичови или Гаштовтови во тоа време никој во светот не ги потценуваше. Дури подоцна се промени сè, токму кога го немаше господин Хераклиуш Билевич.

А, пак, тој татко и добродетел на лаудското благородништво го немаше во 1654 година. Тогаш, вдолж целата источна граница на Републиката пламна страшна војна. Господин Билевич не појде во таа војна бидејќи тоа не му го дозволија возраста и глувотијата, но Лаудјаните појдоа. Елем, кога стигна веста оти Раѓивил бил истепан кај Шклов[7], а лаудската чета била речиси сосечена во корен во нападот на наемната француска пешадија – стариот полковник, погоден од дамла, испушти душа.

Оваа вест ја донесе некојси господин Михал Володијовски, млад, но мошне прославен војник, кој наместо господин Хераклиуш во име на Раѓивил ги предводеше Лаудјаните. А и нивни остатоци пристигнаа на родните дворишта, измачени, истоштени, изгладнети и кудејќи го великиот хетман како и целата војска, кој, уверен во стравот од своето име, во својата победничка судбина, со мала војска удрил по десетпати посилниот непријател, а со тоа ги упропастил војската и целата земја.

Но, среде општите поплаки, ниту еден глас не се крена против младиот полковник, господинот Јежи Михал Володијовски. Напротив, оние што се спасија од погромот го издигнуваа до небеса, раскажувајќи чуда за неговите чинови и военото искуство. И единствена утеха за преживеаните Лаудјани беше да раскажуваат за јуначките дела што ги извршиле под командата на господин Володијовски: како во јуриш се пробиле, божем низ дим, низ првите групи некадарни војници; потоа, кога наишле на француските наемници, како цел полк распарчиле со сабјите, притоа господинот Володијовски со своја рака го заклал полковникот на

[6] Република се однесува на Полско-литванската Унија, федерација меѓу Кралството Полска и Големото кнежество Литванија, која постоела во периодот од 1569 до 1795 година.

[7] Битката кај Шклов се водела во 1964 год. кај Шклов во Полско-руската војна, која завршила со победа на литванската армија над руската.

тој полк; како, на крајот, опколени и фатени во вкрстен оган од четири страни, очајнички се спасувале од метежот, бројно паѓајќи како трупци, но и кршејќи го непријателот.

Раскажувањава ги слушаа со жал, но и со гордост оние од Лаудјаните што, не служејќи во литванската редовна војска, беа должни да се пријават само при општа народна одбрана.

Исто така, сите очекуваа оти народна одбрана, како крајна одбрана, набргу ќе биде прогласена. Во таков случај, веќе беше однапред договорено оти господин Володијовски ќе биде избран за лаудски заповедник, бидејќи иако не му припаѓаше на локалното жителство, меѓу месните жители немаше послaвен од него. Преживеаните за него раскажуваа уште оти самиот хетман го извлекол од пропаст. Поради тоа целата Лауда речиси на раце го носела, а сите околии се тепале за него. Особено се карале Бутримови, Домашевичови и Гаштовтови кај кого најдолго да отседне на гости. А, пак, тој толку го засакал ова храбро благороднишство што кога остатоците од Раѓивиловата војска се упатиле во Биржај за таму колку-толку да закрепнат од поразот – тој не заминал со другите, ами јавајќи од село до село, најпосле го избрал постојаното престојувалиште во Пацунели, кај Гаштовтови, на имотот на господинот Пакош Гаштовт, старешината на целото Пацунели.

За волја на вистината, господинот Володијовски никако не можеше да јазди до Биржај бидејќи падна тешко болен: најпрвин го зафатија грозници, а потоа од повредата што ја здоби уште кај Цибихув му се одзеде десната рака. Трите ќерки Пакошеви, пацунелјанки прочуени по убавината, го зедоа под нежна грижа и се заколнаа оти потполно ќе го исцелат толку славниот витез; а, пак, благороднишството, кој од нив беше жив, се зафати за погребот на некогашниот свој водач, господинот Хераклиуш Билевич.

По погребот, беше отворен тестаментот на покојникот, од кој се виде оти стариот полковник наследничка на целото богатство, со исклучок на селото Лубич, ја сторил својата внука Александра Билевичова, ќерката на упитскиот ловџија, а, пак, старателството за неа, додека не се омажи, му го довери на целото лаудско благородништво.

„...Кои, бидејќи мене ми беа наклонети (гласеше тестаментот) и на љубовта со љубов ми враќаа, така и со сиротата нека биде, а во овие времиња на расипаност и превртливост, кога од своеволието и злобата човечка никој безбеден ниту сигурен не може да биде – поради споменот за мене од неволји сиротата нека ја чуваат.

Исто така, да вардат богатството безбедно да го ползува, со исклучок на селото Лубич, кое на господинот Кмиќиц, младиот оршански знаменосец, му го давам, му го дарувам и му го препишувам, за да нема некаква пречка во тоа. А, пак, оној што ќе се чуди поради оваа моја наклонетост спрема почитуваниот Анџеј Кмиќиц или во тоа неправда спрема внуката моја родена Александра ќе види, треба и мора да знае оти од роденият татко на Анџеј Кмиќиц, уште од младоста та до денот на смртта, пријателска и братска љубов бев доживувал. Со кого војни војував и напати животот му го спасував, а кога злобата и зависта на господата Шиќињски сакаа богатството да ми го одземат – и во тоа ми помогна. Тогаш јас, Хераклиуш Билевич, поткоморник упитски, а воедно и грешник недостоен, кој денес пред суровиот суд Божји стои, пред четири лета (уште жив и чекорејќи по благородничката низина) се бев упатил кај таткото на господинот Кмиќиц, оршанскиот мечоносец, за да се заветам на благодарност и цврсто пријателство. Така со заедничка согласност решивме, по стар благороднички и христијански обичај, оти нашите деца, имено, неговиот син Анџеј и мојата внука Александра, ќерката на ловџијата, ќе се задомат, та од нив да израсне потомство за слава Божја и корист на Републиката. А тоа најсилно го посакувам и внуката моја Александра на послушност спрема волјата овде запишана ја задолжувам, освен ако господинот оршански знаменосец (чувај Боже) со грди чинови славата своја не ја оцрни и за нечесен не биде прогласен. А ако го загуби својот семеен имот, што онаму, кај Орша, лесно може да бидне, тогаш треба со благослов за маж да го земе, макар и ако биде отстранет од Лубич, воопшто да не фаќа кусур на тоа.

Сепак, ако по особена милост од Бога мојата внука посака за слава Негова моминството свое да го жртвува и калуѓерска риза да облече, тогаш слободно може да го стори тоа, оти славата Божја пред човечката треба да оди...“

Ете на таков начин господин Хераклиуш Билевич ги распредели богатството и внуката, за што никој не се зачуди многу. Госпоѓицата Александра одамна знаеше што ја чека, а благородништвото одамна за пријателството меѓу Билевич и Кмиќицови беше чуло – впрочем, умовите во времето на поразот со друго беа зафатени, та набргу за тестаментот престана и да се зборува.

Само на дворот во Вадактај непрестајно се зборуваше за Кмиќицови, поточно за господинот Анџеј, бидејќи и стариот мечоносец веќе не беше меѓу живите. Помладиот кај Шклов се бореше

со личното четиче и со оршанските доброволци. Сетне исчезна од видик, но не претполагаа оти загинал бидејќи смртта на толку значаен витез безбели не би се промолкнала незабележливо. Кмиќицови во Оршанскиот крај беа ценет благороднички род и беа господари на значајни богатства, но тие краишта пламенот на војната ги беше уништил. Цели околии и земји беа престорени во пусти полиња, големи имоти пропаѓаа, гинеа луѓе. По поразот на Раѓивил, веќе никој не даваше посилен отпор. Гошевски[8], бојниот хетман, немаше војска; кралските хетмани се бореа во Украина со остатокот од војските и не можеа да помогнат, исто како и Република исцрпена од козачките војни. Бранот ја поплавуваше земјата сè подалеку, овде-онде само одбивајќи се од варовните ѕидини, но и ѕидините паѓаа едни по други, како што падна Смоленск. Смоленското војводство, каде што се наоѓаа богатствата на Кмиќицови, го сметаа за загубено. Во општата бркотница, во општата тревога, луѓето се растурија како лисја раздувани од ветер и никој не знаеше што се случи со младиот оршански знаменосец.

Но бидејќи војната уште не беше дошла до жемајтиското старешинство, лаудското благородништво полека здивна по шкловскиот пораз. „Околиите“ почнаа да се собираат и да се советуваат, како за јавните така и за приватните прашања. Бутримови, најорни за бој, промрморуваа оти ќе треба да се оди во Росен на *congressus* на воена смотра, а сетне кај Гошевски, за да се одмазди шкловскиот пораз; Ловците Домашевичови почнаа да завлегуваат по шумите, по Роговската прашума, сè докај непријателските чети, донесувајќи вести назад; Димните Гошќевичови за идниот поход димеа месо. Во врска со приватните прашања, беше решено вештите и опитни луѓе да се испратат во потрага по господинот Анџеј Кмиќиц.

Овие совети ги даваа постарите Лаудјани под водство на Пакош Гаштовт и на Касјан Бутрим, двајца околни патријарси – а, пак, целото благородништво, на кое довербата искажана од покојниот господин Билевич мошне му ласкаше, се заколна оти верно ќе се држи до тестаментот и оти госпоѓицата Александра ќе ја опкружат со тукуречи родителска грижа. Така, додека за време на војната, дури и во краиштата каде што војната не беше стигнала, се појавуваа кавги и нереди, на бреговите на Лауда сè остана мирно. Не настана никаков спор, немаше никакви упади во границите

[8] Винценти Александер Корвин Гошевски (1620–1662) – литвански боен хетман од 1654 г., велик литвански ризничар, велик литвански писар, итн.

на имотот на младата наследничка; не беа прекопани могилите, не беа исечени обележаните борови на краевите од шумите, не беа напаѓани пасиштата. Напротив, секоја „околија“ ја помагаше со што можеше и онака имотната наследничка. Така, крајречните Стакјанови ѝ испраќаа солена риба, од Валманчиај од молчаливите Бутримови пристигнуваше жито, сено од Гаштовтови, дивеч од Ловците Домашевичови, катран и зифт од Димните Гошќевичови. На имотите никој не ја нарекуваше госпоѓицата Александра поинаку одошто „нашата госпоѓица“, а убавите пацунелјанки галиба го гледаа господинот Кмиќиц исто толку нетрпеливо како и таа.

Меѓутоа, пристигнаа воени повици што го повикуваа благородништвото, та во Лауда настана раздвиженост. Кој од момче израснал во маж, кого возраста не го сведнала, тој мораше да се качи на коњ. Јан Кажимјеж пристигнал во Гродно и таму го беше одредил местото за општата смотра. Та, таму и се одеше. Први тргнаа молкома Бутримови, по нив другите, а Гаштовтови на крајот, како што правеа секогаш, оти им беше жал да ги напуштаат пацунелјанките. Благородништвото од другите краишта се појави само во мал број и земјата остана без заштита, но се појави целата побожна Лауда.

Господинот Володијовски не замина бидејќи уште не можеше да владее со раката, та остана меѓу пацунелјанките како војски[9]. „Околиите“ се испустија и само старците со жените седеа приквечер покрај огништата. Тивко беше во Паневежис и во Упите – секаде се чекаше абер.

Госпоѓицата Александра исто така се затвори во Вадактај, не гледајќи никого освен слугите и своите лаудски старатели.

[9] Војски – титула на службеник задолжен за грижа за останатите семејства на благородниците во земјата, кога благородништвото учествувало во општа мобилизација.